# ЧИРОТ Е ПОЧЕСТ КАЈ ЛУЃЕ КОИ МНОГУ СЕДАТ

**Ако често се повторува и се расејува по телото, задолжително се прави лабораториско испитување на крвта да се види дали е зголемено нивото на шеќерот**



Чирот или меѓу дерматолозите познат како фурункулус е длабоко воспаление на кожата, кое почнува во коренот на влакното и се шири кон површината на кожата. Се јавува како локализирано црвенило кое во почетокот е тврдо, а потоа омекнува и се издигнува над површината. Може да достигне големина на лешник. Има и силна болка. Чирот може да протече и од средината и да се цеди гнојно-крвава содржина, а тогаш се намалува болката.



*д-р Светлана Костиќ-Петрушевска*

Предизвикувач на чирот е бактеријата Staphylococus aureus.

### НА КЛЕПКИТЕ Е ЈАЧМЕНЧЕ

Фурункулусот може да се јави на секоја локација каде што има влакна. Почесто на глутеалната и на перигениталната регија. На клепките на очите се вика Hordeolum (јачменче).

- Ако се јави на лице мора да се обрне особено внимание затоа што може да се јават опасни компликации, особено ако е на горната усна или на носот. Понекогаш може да се прошири по лимфен пат и на локални лимфни јазли и да предизвика Lymphadenitis. Тоа се дефинира како инфламација и како зголемување на лимфен јазол - објаснува специјалист-дерматовенеролог Светлана Костиќ-Петрушевска во ПЗО „Д-р Светлана" во Скопје.

Furunculosis се јавува ако дојде до расејување на чирот на повеќе локации во исто време. Ако, пак, од еден воспален фоликул се прошири инфекцијата и на соседните фоликули, тогаш чирот станува многу голем и може да се цеди гној од повеќе дупчиња, и тоа се вика Carbuncul. Сите овие компликации бараат појака терапија.

### НА УДАР И ОНИЕ СО НАМАЛЕН ИМУНИТЕТ

Може да се јави кај секого, но почест е кај луѓе кои седат долго време, на пример, професионални возачи, и тоа на седалната регија од телото.

- Ако често се повторува и се расејува по телото, задолжително се прави лабораториско испитување на крвта да се види дали е зголемено нивото на шеќерот и некогаш така се открива дијабетот. На удар се и болните со намален имунитет и атопичари, односно луѓе со семејни склоности кон алергиски болести - објаснува д-р Костиќ-Петрушевска.



### МОЖНА Е И МАЛА ХИРУРШКА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Лекувањето на чирот може да биде локално и општо. Кога е локално се препишуваат антисептици, антибиотици, а кај веќе размекнатите чиреви се прави мала хируршка интервенција за побргу да се испразни чирот и за да се забрза излекувањето. Во некои случаи се даваат и системски антибиотици.

- Доколку се излекува чирот во почетната фаза, тогаш ќе помине без никаква последица на кожата, но ако коликвира, т.е. се зголеми многу, може како последица да остави хиперпигментација или вдлабната лузна на кожата - вели д-р Костиќ-Петрушевска.

*А. А.*

